MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12 – 2589 /1
29.07 г./v. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,,) Државната комисија за спречување на корупција постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице на 36-тата седница одржана на ден 23.07.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата за корупција бр. 12-5186/1 од 13.11.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице, ------------------------ од ----------------**СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-5186 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-5186/1 од 13.11.2019 година.

Предметот со број 12-5186 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-5186 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-5186/1 од 13.11.2019 година, доставена од познат поносител – физичко лице од ------------------------.

Со наводите од предметната пријава се укажува на повреда на правата и на правните и имотни интереси на подносителот на пријавата, а кои произлегуваат од сопственост на акции кои истиот ги купил и ги поседува во основната главнина на ------------------- од ------------------------.

Од содржината на пријавата произлегува дека подносителот е имател на акции издадени од наведеното ---- сметано од ---------------- година - по основ на уплатени парични средства за откуп на интерни акции во постапка за трансформациј/приватизација на издавачот на акциите, како и дека подносителот на пријавата бил вработен во -------------------- сметано до --------------- година.

Според наводите на подносителот со престанокот на работниот однос му е причинета штета – изгубена добивка во вид на плата за изминатите години – од --------------- година, кога му престанал работниот однос, па се до денес, а незадоволен е и од неможноста и од тоа што му била одбиена усно дадената понудата за продажба на акциите кои ги поседува, наспроти сознанијата дека други лица – поранешни вработени и иматели на акции извршиле продажба на своите акции при што како купувач се јавувало лицето ----------------------, ------------------- на ова акционерско друштво.

Врз основа на наводите содржани во пријавата Државната комисија оцени дека во делот на штетата за која подносителот наведува дека му била/е причинета се работи за негова субјективна оценка и за претпоставена штета, дека во делот на правата поврзани за престанокот на работниот однос се работи за настан од изминати повеќе од дваесет години во кој период подносителот имал право да остварува заштита пред надлежните судови, пред кои, исто така, имал право да остварува заштита и на правата што ги има како акционер и кои произлегуваат од сопственоста на хартиите од вредност кои ги поседува.

Севкупно гледано, врз основа пријавата и приложената документација Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг преку коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или други кои вршат работи од јавен интерес, па оттаму и дека нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Вр основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 Јули 2020 година по број 12-2589/1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот